Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за дигитална трансформација
Ministria e transformimit dixhital
Бр. - Nr 02-947/1
16.04.2026 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија

**Министерство за дигитална трансформација**

Архивски број: 02-947/1
Датум: 16.04.26

**До:** Генерален секретаријат на Влада на Република Северна Македонија

- Сектор за стратегија, планирање и следење

**Предмет: Годишен Извештај за спроведување на Годишниот план за работа за 2025 година**

Почитувани,

Министерството за дигитална трансформација е орган на државна управа, кој со својата надлежност ги врши работите кои се однесуваат на дигитализација, развој и промоција на информатичкото општество, комуникациите и сајбер безбедноста.

По обврската од Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државна управа во процесот на следење, оценување и известување за спроведувањето на стратешкиот план и годишниот план за работа, во текот на 2025 година, Министерството за дигитална трансформација подготви и реализира Годишен план за работа за 2025 година. Покрај активностите од Стратешкиот план за 2025 – 2027 година, министерството ги реализира и иницијативите предвидени во Програмата за работа на Влада на Република Северна Македонија за 2025 година, управуваше со човечките ресурси во министерството и ги реализира јавните набавки од Годишниот план за јавни набавки за 2025 година.



Министерство за дигитална трансформација на Република Северна Македонија
Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

Министерството за дигитална трансформација, во текот на 2025 година ги реализира следниве програми и потпрограми:

ПРОГРАМИ

**Програма 2: Информатичко општество и аудиовизуелни политики**

**Потпрограми:**

**Потпрограми 1 :Е-инфраструктура и поддршка**

**Потпрограма 2: Е-услуги, е-граѓани и Центри за услуги**

**Потпрограма 3: Отворени податоци**

**Потпрограма 4: Аудиовизуелни политики**

**Поврзаност на програмата со стратешкиот приоритет на Владата:**

- Професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелигенција, иновациите и старт ап екосистем;
- Интеграција на Република Северна Македонија во Европска Унија

**Поврзаност на програмата со приоритетните цели на Министерството за дигитална трансформација:**

**Приоритет бр. 1: Дигитализирана јавна администрација и испорака на електронски услуги**

Овој приоритет ќе се остварува преку следниве цели:

- Воспоставување на дигитална средина за подобро работење на администрацијата
- Примена на платформата за интероперабилност за размена на документи и податоци
- Зголемен квалитет и достапност на услугите, како и каналите за нивна испорака



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

**Приоритет бр. 2: Дигитална поврзливост и ИКТ инфраструктура (обезбедување гига битно поврзување и пристап до интернет за граѓаните и јавните институции, развој на Владина ИКТ инфраструктура и развој на Национална образовна ИКТ инфраструктура)**

Овој приоритет ќе се остварува преку следниве цели:

- Обезбедување гига битно поврзување и пристап до интернет за граѓаните и јавните институции,
- Развој на безбедна Владина ИКТ мрежа и инфраструктура која вклучува Владин примарен податочен центар
- Развој на Национална образовна и истражувачка ИКТ инфраструктура

**Приоритет бр.3: Соработка и воспоставување заеднички стандарди за сајбер - безбедност**

Овој приоритет ќе се остварува преку следниве цели:

- Воспоставување на ефикасен владин тим за одговор на компјутерски инциденти
- Безбедност и отпорност на суштински и важни субјекти, мрежи и информациски и комуникациски системи
- Придонес кон општество отпорно на сајбер закани
- Минимизирање на влијанието на инцидентите во сајбер просторот
- Национална и меѓународна соработка.

**Приоритет бр.4: Силни дигитални вештини и дигитална писменост на административните службеници**

Овој приоритет ќе се остварува преку следниве цели:

- Воспоставување на национална рамка за дигитални вештини
- Изработка на пакети за обуки за дигитални вештини
- Сертифицирани обуки за административни службеници



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

Во јануари 2025 година се усвои и Стратегијата за сајбер безбедност 2025 – 2028, а во октомври 2025 Стратегијата за развој на ИКТ СМАРТ/МК 2030 со акциски план 2025 – 2027. Притоа, во септември 2025 се ревидираше и Националниот оперативен бродбенд план, без интервенции во однос на целите, но со измени во однос на механизмите за нивно исполнување. Овие документи ќе имаат големо значење и место во подготвувањето на стратешките планови во иднина

Согласно Законот за изменување и дополнување на законот за матичната евиденција („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 255/2024) Управата за водење на матичните книги е орган во состав на Министерство за дигитална трансформација со својство на правно лице.

Во рамки на Министерството за дигитална трансформација согласно Правилникот за систематизација на работни места од 27.12.2024 година се предвидени сектор за сајбер безбедност и сектор за дигитални вештини и иновации, како нови надлежности кои произлегуваат од измените на Законот за организација и работа на органите на државната управа. Воедно, со измените на Законот за електронско управување и електронски услуги од јануари 2025 година, се утврдија надлежности за спроведување на инспекциски надзор, како и надлежности за организирање на спроведување на испити.



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски“ бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| Назив на потпрограмата: 2.1 Е-инфраструктура и поддршка | | Цел на програмата: Обезбедување функционална и безбедна Е-инфраструктура и дигитални услуги | Одговорен: Сектор за информациско комуникациски системи, Сектор за сајбер безбедност |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1.1 Одржување на втората сервисна магистрала од платформата за интероперабилност | Тековно одржување на системите | Потпишан е тригодишен договор за одржување, во периодот од 23.03.2022 до 22.03.2025<br>Потпишан Анекс на договор од 28.10 2025 | Активноста е успешно реализирана. Во 2026 продолжува оваа активност со ново редовно одржување на платформата. |



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.2 Одржување на владина ИТ (оптичка) мрежа | Тековно одржување на годишно ниво, со што ќе се обезбеди достапност, доверливост и непрекината комуникација помеѓу ИКТ системите на институциите. | Активноста тековно се реализира со Договор за јавна набавка. | Доколку нема одржување, ќе предизвика прекин во комуникацијата помеѓу ИКТ системите на институциите т.е. прекин на електронските услуги кои се нудат на граѓаните. |
| 1.3.Надградба на владина ИТ (оптичка) мрежа | | Активноста тековно се реализира | Потпишан договор број 16-990/12 од 22.07.2025 година. |
| 1.4Одржување на порталот е-услуги | Тековно одржување на системите | Активноста тековно и непречено се реализира со Договор за одржување и истиот е потпишан на 25.07.2025 година со времтраење од 12 месеци. Националниот портал за електронски услуги има регистрирано 202.000 корисници заклучно со 31.12.2025 година, преку порталот реализирани се повеќе од 190.000 апликацииапликации за | Како тековна активност продолжува во 2026 година. |



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | услуги. Направен е редизајн на националниот портал е-услуги. Активноста успешно се реализира. | |
| 1.5 Одржување на систем за управување со документи (ДМС) | Тековно одржување на системите | Склучен договор за тековно одржување на систем за управување со документи (ДМС) на 01.07.2025 година. | Активноста успешно се реализирана |
| 1.6 Дигитализација на услуги на институциите за портал е-услуги | Број на нови дигитализирани услуги на порталот за електронски услуги | Во текот на 2025 година се објавени 55 нови електронски услуги. Континуирано ќе се работи на дигитализација на нови услуги и во наредниот период, всушност главна активност во договорот за одржување на порталот за електронски услуги е развивањето на нови услуги во координација со институциите кои ги овозможуваат тие услуги. | Активноста се реализира успешно и континуирано |
| 1.7 Изнајмување на облак платформа за хостирање на системите на МДТ | Тековно одржување на системите | Активноста тековно и непречено се реализира во согласност со договорот. | Како тековна активност продолжува во 2026 година. |
| 1.8 Колокација на информатичка опрема | | Активноста тековно и непречено се реализира во согласност со | Како тековна активност |



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | договорот и истата има активен договор до 2026 година. | продолжува во 2026 година. |
| 1.10 Одржување на Централен регистар на население | Тековно одржување на системот | Активноста тековно и непречено се реализира во согласност со договорот. | Потпишан е нов договор за одржување, активноста продолжува тековно во 2026 година |
| 1.11 Одржување на системот за Интегрирано управување на ресурсите (ERP) | Тековно одржување на системот | Активноста тековно се реализира согласно договорот | Во 2025 година склучен договор со важност до 31.01.2027 |
| 1.12 Одржување на ЕНАПСИС | Тековно одржување на системот | Активноста тековно се реализираше согласно Договорот. | Договорот за одржување заврши. Нема склучен нов договор бидејќи сметаме дека ваквиот начин на плаќање е веќе надминат |


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.13 Продолжување на поддршка на лиценците кои се користат за ИКТ проектите | Има тековен договор кој истекува во 2026 година | Обезбедени се сет на лиценци кои се предвидени за поддршка на системите во МДТ (Интероперабилност, услуги и Централен регистар на население) како и за одредени институции за кои што Министерството за дигитална трансформација е задолжено да ги обезбеди. | Пред потпишување на нов договор да се ревидира потребата од обезбедување на лиценци за другите институции кои се вклучени во оваа набавка. |
| 1.14 Одржување на компјутерска и мрежна опрема во МДТ и Центри за услуги | Има тековен договор кој истекува во 2026 година | Во тек на овој договор е реализирана секоја пристапна точка до работните места, воспоставена мрежна комуникација помеѓу спратовите во објектот на Министерството, засебни Wifi точки во периметар на објектот каде што Министерството има свои канцеларии, реализирани ЕТУ центри со бесплатни WIFI точки за посетителите. | |
| 1.15 Одржување, гаранција и лиценци за | Министерството набави нова серверска опрема која | | |


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| серверска опрема на МДТ | вклучува лиценци и гаранција. | | |
| 1.16 Обнова на постојните лиценци за интегриран систем за заштита од неовластени мрежи | Министерството набави нова опрема за интегриран систем за заштита од неовластени мрежи поради престанок на поддршка од производител на уредите кои беа во употреба. | | |
| 1.17 Симетричен интернет пристап МДТ и Центрите за услуги – Интернет услуги за потребите на МДТ (КОРЕГИРАН НАЗИВ) | Активен договор до 2026 | Обезбеден е симетричен интернет за непрекинато функционирање на тековните активности во Министерството | |
| 1.18 Консолидација на серверска опрема и системи на МДТ | Не е реализирана | | Се спроведе анализа која обезбеди клучни информации за постојната опрема и колокациските центри каде истата се наоѓа. Се поднесе и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | апликација до МЕП за финансирање преку ЕУИФ инструментот за експертска поддршка за мигрирање на системите, реконфигурација и оптимизација на ресурсите. |
| 1.19 Купување на ИТ опрема за потребите на МДТ и Центрите за центри | Активен договор до 2026 | Министерството набавува компјутерска и ИТ опрема за непрекинато и ефективно функционирање во секојдневните работни обврски. | |
| 1.20 Изнајмување на мултифункциски уреди за МДТ и Центрите за услуги | Активен договор до 2026 | Изнајмени се мултифункциски уреди за потребите на Министерството исто така се употребуваат овие уреди за издавање документи во ЕТУ Центрите | |


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.21 Надградба на системот за контрола на пристап на работно време | Активен договор до 2026 | Поставени се контрола на пристап уреди на сите пристапни точки до просториите на Министерството со локација на Филип Втори Македонски бр.11 Скопје, исто така поставени се уреди за евиденција на работно време во сите ЕТУ Центри | |
| 1.22Надградба на систем за видео- надзор | Активен договор до 2026 | Надграден е системот за видео надзор во сите нови простории | |
| 1.23 Брендирање на центри за услуги | | | Во 2025 година брендирани се вкупно 6 ЕТУ центри во Свети Николе, Кавадарци, Куманово, Битола и во Скопје (општина Центар и општина Аеродром) |


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.24. Спроведување на промотивна кампања за порталот uslugi.gov.mk | Има активен договор | | Проектната задача е поднесена во ЕУ на крајот од 2024. Поради проблеми со системот и реорганизацијата на секторот за тендерирање и финансии, договорот сé уште не е започнат. Евалуацијата се очекува да започне во средината на мај 2026, а самата имплементација во јуни |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| 1.9 Набавка на хардвер за Регистар на население | | | Активноста не е реализирана затоа што не се обезбедени |


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија
Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | финансиски средства |

| **Назив на Потпрограмата:** | **Цел на програмата:** | **Одговорен:** |
|---|---|---|
| 2.2 Е -услуги, е- граѓани и Една точка за услуги | Зголемена достапност на информации за граѓаните преку Центрите за услуги. Со воспоставувањето и опремувањето на деловни простории - Центри за услуги ќе се овозможи граѓаните на едно место да добијат информации и услуги од различни државни и јавни институции по принципот на „едно шалтерски систем“. Или, во Центрите за услуги, граѓаните на еден шалтер може да добијат услуги и информации кои се обезбедуваат од различни државни и јавни институции. | Сектор за поддршка и развој на информатичко општество, Кабинет на министерот |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | |



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски“ бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| Активност | Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво | Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата | Коментар |
|---|---|---|---|
| 1.Набавка на тонери за потребите на Центрите за услуги | | | Се користат изнајмени мултифункциски уреди |
| 2.Одржување гаранции на опремата и ИТ уредите во центрите за услуги | Не е реализирана | | |
| 3. Интернет и мрежни услуги за потребите на центрите за услуги | Активен договор до 2026 | Обезбеден е интернет до сите центри за услуги со строго контролирани правила користејќи тунели преку оператор за сигурен, непречен интернет сообраќај. | |
| 4.Набавка на потрошни материјали за Центрите за услуги (останати канцелариски материјали) | | | |
| 5.Опрема за Центрите за услуги | | | |


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија
Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| | | | |
| | | | |
| **Назив на Потпрограмата:**<br><br>2.3. Отворени податоци | | Подобрена транспарентност во работењето на јавната администрација | **Одговорен:**<br><br>Сектор за информациско комуникациски системи |

| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Одржување на портал Отворени податоци | На порталот за отворени податоци се достапни 652 податочни сетови од 74 институции | Активноста тековно и непречено се реализира | Потпишан е договор за одржување на порталот на 29.07.2025 со важност од 12 месеци. |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| Активност | Образложение | Влијание | Препорака |
| / | / | / | / |
| | | | |

| | | |
|---|---|---|
| Назив на Потпрограмата:<br><br>4. Аудиовизуелни политики | Цел на програмата:<br><br>Усогласено законодавство со ЕУ регулатива за медиуми и електронски комуникации | Одговорен:<br><br>**Сектор за комуникации** |

| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1.Исплата на средства согласно Закон за ААВМУ | Текована Исплата на средства согласно планираниот буџет и законот Закон за ААВМУ | | |
| 2.Предлог закон за изменување и дополнување на Закон за електронски комуникации или нов Закон за електронски комуникации | Донесен Закон за електронски комуникации од страна на Собранието на РСМ во јуни 2025 година | Овој закон е дел од Реформската агенда за дигитализација и транспарентност. Тој ги јакне правата на корисниците и гарантира повисоко ниво на заштита на личните податоци, воведува јасна правна рамка и транспарентност во работењето на операторите, обезбедува поголема конкурентност и регулаторна | |


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | сигурност и ги дефинира надлежностите на Агенцијата за електронски комуникации, со фокус на отчетност и ефективен надзор. | |
| 3. Стратегија за развој на медиумскиот сектор 2027-2031 година, со Акциски план | | Во декември 2025 година, започна спроведувањето на проектот „Усогласување со дигиталната и медиумската правна рамка на ЕУ и развој на вештини за дигитална трансформација„ помогнат од Канцеларијата на ЕУ во Скопје, со цел реализација на активностите во рамките на Компонентата 2. Една од нив е подготовка на Стратегија за развој на медиумскиот сектор со Акциски план. | Променета е временската рамка на нејзина подготовка и спроведување 2027 - 2031 година. Промената е заради временската рамка утврдена во Проектот на ЕУ. |
| 4. Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми | Донесени се измените и дополнувањата на Законот за Медиуми од страна на Собранието на РСМ во април 2025 | Се воспостави правна рамка за регулирање на онлајн медиумите-интернет портали.<br>Се воведува Регистар на онлајн медиуми со јасни правила за регистрација на онлајн медиумите | |



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | кои сакаат доброволно да бидат дел од тој него. Обврската за правна регулација на онлајн медиумите произлегува од Патоказот за владеење на правото. Дополнувањата на Законот за медиуми дефинираат јасни права и обврски за онлајн медиумите во делот на импресум, заштитата на малолетната публика, обезбедувањето јавност во работењето, како и утврдување на казнени одредби доколку има прекршување на законот.<br>Со измените на Законот за медиуми се очекува елиминирање на постојните проблеми со интернет порталите во Македонија, преку поставување на правна рамка која ги препознава како медиуми, односно јасни правила за нивно основање и регистрација. Исто така, ќе се обезбеди зајакнување на слободата на говорот, елиминирање или | |



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | намалување на протокот на дезинформации и лажни вести, како и намалување или ширење на надворешни и внатрешни пропаганди во онлајн медиумите | |

Во однос на иницијативите од Програмата за работа на Влада на Република Северна Македонија за 2025 година, од предложените иницијативи кои се во делокругот на работата, Министерството за дигитална трансформација ги реализираше следниве:

1. **Иницијативи од Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година**

| Иницијатива | Организациски облик/лице | Реализација месец, година | Образложение / Ризик |
|---|---|---|---|
| 1.Предлог-закон за дигитални услуги | Сектор за нормативни-правни работи | Април, 2025 | Иницијативата не е реализирана, |
| 2.Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации | Сектор за комуникации и Правен сектор | Април, 2025 | Во јуни 2025 година усвоен е нов Закон за електронски комуникации во Собранието на РСМ поради фактот што 30% од постојниот |



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | закон претрпе измени. |
| 3.Предлог – закон за изменување и дополнување на Законот за електронско управување и електронски услуги | Правен сектор | Април, 2025 | Законот е усвоен од Собранието на РСМ во јануари 2025 година. |
| 4.Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги | Правен сектор | Април, 2025 | Законот е усвоен од Собранието на РСМ во јуни 2025 година. |
| 5.Предлог - закон за пристапност на веб-страниците и мобилните апликации на институциите од јавниот сектор | Правен сектор | Јули, 2025 | Законот е усвоен од Собранието на РСМ во септември 2025 година. |
| 6.Предлог – закон за безбедност на мрежи и информациски системи-усогласување со НИС 2 (2022/2555) | Сектор за сајбер безбедност | Април, 2025 | Законот е усвоен од Собранието на РСМ во јуни 2025 година. |
| 7.Предлог - закон за архивска дејност | Правен сектор | Април, 2025 | Законот е усвоен од Собранието на РСМ во јуни 2025 година. |
| 8.Предлог - закон за отворени податоци и повторна употреба на податоците во јавниот сектор | Сектор за информациско комуникациски системи | Март, 2025 | Министерството го објави на ЕНЕР Законот за отворени |


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | податоци и повторна употреба на податоците од јавниот сектор и организираше јавна расправа по истиот |
| 9.Предлог-закон за матична евиденција | Правен Сектор | Ноември, 2025 | / |
| 10.Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми | Сектор за комуникации | Март, 2025 | Законот е усвоен од Собранието на РСМ во април 2025 година. |
| 11. Информација за спроведување на проект„ Воспоставување на Владин CSIRT„ | Кабинет на министерот | Август, 2025 | Активни договори број 16-1181/11 од 22.08.2025 и број 16-1181/13 од 06.11.2025 |
| 12.Информација за донесување на Национална ИКТ стратегија за период од 2025 до 2030 година со акциски план за период од 2025 до 2030 година | Кабинет на министерот | Јуни, 2025 | Усвоена е националната ИКТ стратегија од страна на Владата во октомври 2025 година |
| 13.Информација за проектот за Дигитален паричник (Digital wallet) | Сектор за информациско комуникациски системи | Ноември, 2025 | Се одржа оперативен состанок на проектот финансиран во рамки на „Дигитална Европа“. Прв тест на |


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски“ бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | апликација во која ќе се чуваат електронска верзија на два документи имаше во октомври. |
| 14.Информација за спроведување на проект - Надградба на централниот регистар на население | Кабинет на министерот | Август, 2025 | |
| 15.Информација за спроведување на проект за воспоставување на Регистар на авторизација | Сектор за информациско комуникациски системи | Април, 2025 | Проектот е затворен но не го добивме продуктот, се работеше за проект со ИПА со поддршка на ЕУ делегација. |
| 16.Информација за воспоставување на рамка за дигитални компетенции | Сектор за дигитални вештини и иновации | Декември, 2025 | Потребно е да се вклучат повеќе инстистуции, бидејќи рамката за дигитални компетенции опфаќа корекции, односно измени во образовните програми за настава, со особена |



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | вклученост на МОН, бидејќи компетенциите се подлога за промена на образовните програми |
| 17. Информација за спроведување на проект за воспоставување Регистар на регистри | Сектор за информациско комуникациски системи | Април, 2025 | Проектот е затворен |
| 18. Информација за студија за изводливост за воспоставување на примарен податочен владин центар | Кабинет на министерот | Август | Краен рок за достава на на студијата е 19.09.2026, заклучно со март 2026 изготвена е драфт верзија која ни е доставена електронски на разгледување и давање коментари. На 02.04.2026 се одржа состанок во МДТ на кој присуствуваа преставници од |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Светска банка и ИНТЕЛЕГЕНА- изготвувачи на физибилити студија. |
| 19. Информација за воспоставување на нови Центри за услуги | Кабинет на министерот и Сектор за поддршка и развој на информатичко општество | Декември | Во 2025 година отворени се 6 нови ЕТУ центри во Штип, Кавадарци, Свети Николе, Виница, Неготино и Делчево |
| 20. Информација за подготовка на Националната стратегија за развој на медиумскиот сектор 2025-2030 година, со Акциски план | Сектор за комуникации | Февруари | Променета е временската рамка на нејзина подготовка и спроведување 2026 - 2030 година |
| 21. Информација за спроведување на проект за воспоставување еСИР платформа | Сектор за информациско комуникациски системи | Април | Проектот е завршен но е добиен нефункционален продукт. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 22. Информација за спроведување на проект за развој на апликација за е-потсетник | Сектор за информациско комуникациски системи | Октомври | |
| 23. Информација за употреба на платформата за интероперабилност од страна на институциите | Сектор за информациско комуникациски системи | Јули | Употребата на платформата е зголемена и сега има приклучено 79 институции и компании |

## 2. Управување со човечките ресурси во 2025 година

Во врска со управувањето со човечките ресурси во министерството, по добиените согласности од Министерството за финансии, има реализирано пополнување на работни места по пат на унапредување, по пат на распоредување согласно Закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/2020), како и по пат на вработување на неопределено време согласно Годишниот план за вработување за 2025 година.

| Постапки за вработување и унапредување на државни службеници | | | |
|---|---|---|---|
| **Показател за успешност: Реализирање на вработувањата, унапредувањата, распоредување ЗИД на ЗАС и пензионирање** | | | |
| **Активност** | **Организациски облик/лице** | **Реализирани** | **Ризик/состојба** |


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| Пополнување на работни места преку вработувања | Одделение за управување со човечки ресурси | 15 | |
| Пополнување на работни места преку унапредувања | Одделение за управување со човечки ресурси | 7 | |
| Пополнување на работни места преку распоредување (ЗИД на ЗАС) | Одделение за управување со човечки ресурси | 8 | |
| Пензионирање | Одделение за управување со човечки ресурси | 1 | |

**4.Мерки и активности кои произлегуваат од работата на органот на државната управа**

| **Јавни набавки во Министерството за дигитална трансформација** | | | |
|---|---|---|---|
| **Показател за успешност: Спроведени и реализирани јавни набавки во Министерство за дигитална трансформација** | | | |
| **Активност** | **Организациски облик/лице** | **Реализација** | **Ризик/состојба** |
| 1. Клима уреди | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 31.10.2024 во времетраење од 12 месеци | |


Министерство за дигитална трансформација на Република Северна Македонија
Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. Изнајмување на мултифункциски уреди | Сектор за јавни набавки | Договор број 16-1538/12 склучен на 17.10.2025, | |
| 3. Горива за моторни возила | Сектор за јавни набавки | Договор број 16-1538/12 склучен на 17.12.2025 | |
| 4. Вода за пиење | Сектор за јавни набавки | Реализирана постапка преку Е - пазар | |
| 5. Интегриран систем за заштита од неовластени мрежни упади, вируси и останати малициозни програми | Сектор за јавни набавки | Договор број 16-1975/15 од 09.12.2025 | |
| 6. Гуми за моторни возила | Сектор за јавни набавки | Реализирана постапка преку Е - пазар | |
| 7. ИТ опрема | Сектор за јавни набавки | Потпишани договори број 16-357/15 од 02.05.2025, број 16-1494/12 од 12.09.2025 и број 16-1990/10 од 05.12.2025 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. Набавка на конференциска и презентациска опрема | Сектор за јавни набавки | | |
| 9. Надградба на систем за IP телефонија | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 30.04.2025 во времетраење од 12 месеци | |
| 10. Надградба на систем за контрола на пристап и евиденција на работно време | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 30.04.2025 во времетраење од 12 месеци | / |
| 11. Надградба на систем за видео надзор | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 02.05.2025 во времетраење од 12 месеци | |
| 12. Новогодишни пакетчиња | Сектор за јавни набавки | | |
| 13. Надградба и одржување на мрежна инфраструктура | Сектор за јавни набавки | Договор број 16-1148/12 од 28.07.2025 | |
| 14. Опрема за интернет во студентски домови | Сектор за јавни набавки | Договор број 16-1015/16 од 17.07.2025 год и број број 16-2000/11 од 19.12.2025 год | |
| 15. Пречистувачи за воздух | Сектор за јавни набавки | | |
| 16. Канцелариски мебел | Сектор за јавни набавки | | |


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски” бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. Канцелариски материјали | Сектор за јавни набавки | Реализирана постапка преку Е - пазар | |
| 18. Проектирање, изведба и одржување систем за ладење на системски сали | Сектор за јавни набавки | | |
| 19. Кафе, чај и други производи за бифе | Сектор за јавни набавки | Реализирана постапка преку Е - пазар | |
| 20. Средства за одржување хигиена | Сектор за јавни набавки | Реализирана постапка преку Е - пазар | |
| 21. Огноотпорни сефови за документи | Сектор за јавни набавки | | |
| 22. Сетови за прва помош | Сектор за јавни набавки | | |
| 23. Опрема за терминали за услуги | Сектор за јавни набавки | | |
| 24. Лиценци за модели за вештачка интелигенција | Сектор за јавни набавки | | |
| 25. Опрема за интернет во студентски домови - 2 | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 19.12.2025 година со времетраење од 12 месеци | |
| 26. Опрема за владин CSIRT | Сектор за јавни набавки | Договор број 16-1181/11 од 22.08.2025 и број 16-1181/13 од 06.11.2025 | |
| II Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги | | | |



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Закупување на услугата за временски жиг од давател на квалификувани сертификати | Сектор за јавни набавки | | / |
| 2. Одржување на портал отворени податоци | Сектор за јавни набавки | Договор број 16-1120/13 од 29.07.2025 | / |
| 3. Перење на моторни возила | Сектор за јавни набавки | | / |
| 4. Поправка и одржување на клима уреди | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 02.07.2025 во времетраење од 12 месеци | / |
| 5. Поправка и одржување на моторни возила | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 01.07.2025 во времетраење од 12 месеци | |
| 6. Одржување на системот за управување со документи (ДМС) | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 01.07.2025 во времетраење од 12 месеци | / |
| 7. Осигурување на возила, имот, стоки и лица | Сектор за јавни набавки | | / |
| 8. Физибилити студија за изградба на владин примарен податочен центар | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 19.09.2025 во времетраење од 12 месеци | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. Физибилити студија за развој на владина оптичка мрежа | Сектор за јавни набавки | | |
| 10. Одржување на лифтови во објектот бул. Филип Втори Македонски бр.11 (групна набавка) | Сектор за јавни набавки | | |
| 11. Одржување на систем за видеонадзор и контрола на пристап во објектот бул. Филип Втори Македонски бр.11 (групна набавка) | Сектор за јавни набавки | | |
| 12. Одржување на систем за дојава и гасење на пожар во објектот бул. Филип Втори Македонски бр.11 (групна набавка) | Сектор за јавни набавки | Договор број 16-1296/7 од 13.10.2025 | |
| 13. Снабдување со електрична енергија во објектот бул. Филип Втори Македонски бр.11 (групна набавка) | Сектор за јавни набавки | | / |
| 14. Одржување на дизел агрегат за електрична енергија во објектот бул. Филип Втори Македонски бр.11 (групна набавка) | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 01.07.2025 во времетраење од 12 месеци | |
| 15.Одржување на систем за непрекинато напојување | Сектор за јавни набавки | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 16. Одржување на системи за дојава и гасење пожар и ПП апарати | Сектор за јавни набавки | | |
| 17. Одржување на хигиена во објекти | Сектор за јавни набавки | | |
| 18. Тековно одржување на објекти | Сектор за јавни набавки | | |
| 19. Технички преглед и регистрација на возила | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 11.06.2025 во времетраење од 12 месеци | |
| 20. Квалификувани сертификати | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 23.04.2025 во времетраење од 12 месеци | |
| 21. Објавување на огласи во дневни весници | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 30.04.2025 во времетраење од 12 месеци набавка делива | |
| 22. Услуги за привремени вработувања | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 15.05.2025 во времетраење од 12 месеци | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 23.Симетричен интернет пристап МДТ и Центрите за услуги | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 25.07.2025 во времетраење од 12 месеци | / |
| 24. Мрежно поврзување на центри за услуги | | Договор склучен на 05.07.2025 во времетраење од 12 месеци | |
| 25. Промотивни активности за мобилна апликација за владини услуги | Сектор за јавни набавки | | |
| 26. Национална кампања за промоција на проектот МК Безбедна Мрежа (МК SafeNet) | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 07.05.2025 во времетраење од 12 месеци | / |
| 27. Изработка на анимиран цртан филм за потребите на проектот МК Безбедна Мрежа (МК SafeNet) | Сектор за јавни набавки | | / |
| 28. Изработка на примероци на веб страници за општините | Сектор за јавни набавки | | / |
| 29.Поддршка и одржување на систем за креирање и управување со резервни копии на податоци | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 08.04.2025 во | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | времетраење од 12 месеци | |
| 30. Одржување на Владината оптичка мрежа | Сектор за јавни набавки | | / |
| 31. Надградба на Владина оптичка мрежа | Сектор за јавни набавки | Договор број 16-990/12 од 22.07.2025 | |
| 32. Одржување и поправка на десктоп опрема | Сектор за јавни набавки | Не реализиран | |
| 33. Одржување и поправка на сервери | Сектор за јавни набавки | Не реализиран | |
| 34. Одржување, поправка и потрошни материјали за принтери | Сектор за јавни набавки | Не реализиран | |
| 35. Одржување на системот за плаќање на таксени марки преку СМС( eNAPSYS) | Сектор за јавни набавки | | / |
| 36. Набавка на вештачења | Сектор за јавни набавки | | |
| 37. Услуги за обезбедување на имот | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 03.06.2025 во времетраење од 12 месеци | |
| 38. Брендирање на центри за услуги | Сектор за јавни набавки | Договор број 16-2141/11 на 31.12.2025 | / |


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| 39. Систематски преглед на вработените во министерството | Сектор за јавни набавки | Договор број 16-1693/12 од 30.10.2025 | / |
| 40. Интернет пристап до електронска база на прописи | Сектор за јавни набавки | | / |
| 41. Надградба и одржување на софтвер за полагање на испити во државни институции | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 03.03.2025 во времетраење од 12 месеци | / |
| 42. Консолидација на серверска и мрежна опрема | Сектор за јавни набавки | Не реализиран | / |
| 43. Спроведување на промотивна кампања за порталот Uslugi.gov.mk | Сектор за јавни набавки | Договор број 16-1021/20 од 04.08.2025 | |
| 44. Услуги за изнајмување на облак (cloud) платформа | Сектор за јавни набавки | | / |
| 45. Одржување на платформа за интероперабилност | Сектор за јавни набавки | | / |
| 46. Одржување на портал за услуги | Сектор за јавни набавки | Договор број 16-1198/8 на 25.07.2025 | / |
| 47.Одржување на системот Централен регистар на население | Сектор за јавни набавки | Договор број 16-1056/12 од 25.07.2025 | / |
| 48. ISO сертификација | Сектор за јавни набавки | Склучен едногодишен договор на 15.07.2025 | |



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | година, а во тек се консултантски услуги за воспоставување на Интегриран систем за управување во Министерството за дигитална трансформација | |
| 49. Спроведување на обуки за вработените | Сектор за јавни набавки | | |
| 50. Поддршка и одржување на систем за креирање и управување со резервни копии на податоци | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 08.04.2025 во времетраење од 12 месеци | |
| 51. Поддршка, одржување и лиценци за HSM уреди | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 19.05.2025 во времетраење од 12 месеци | |
| 52. Банкарски услуги за електронска наплата | Сектор за јавни набавки | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 53. Развој на Национален репозиториум на кодови | Сектор за јавни набавки | | |
| 54. Изработка на елаборат за безбедност и здравје при работа | Сектор за јавни набавки | | |
| 55. Идентификација на безбедносни слабости на системите на МДТ | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 16.10.2025 со времетраење од 12 месеци. | |
| 56. Развој на нови електронски услуги | Сектор за јавни набавки | | |
| 57. Развој на систем за клиентско работење | Сектор за јавни набавки | | |
| 58 . Обуки за напредни дигитални вештини во јавната администрација | Сектор за јавни набавки | | |
| III. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки | | | |
| 1. Градежно занаетчиски работи | Сектор за јавни набавки | Договор склучен на 07.05.2025 во времетраење од 12 месеци | / |
| 2. Работи за изведба на системи за непрекинато напојување | Сектор за јавни набавки | Објавен оглас | |

## 2. Мерки и активности кои не биле предвидени со Годишниот План за работа на 2025 година, а се спроведени

Во текот на 2025 година Министерството за дигитална трансформација го дополни Годишниот план за јавни набавки и дополнително ги реализираше следниве јавни набавки: Поддршка и одржување на систем за креирање и управување со резервни копии на податоци - Договор склучен на 08.04.2025 во времетраење од 12 месеци, Поддршка, одржување и лиценци за HSM уреди - Договор склучен на 19.05.2025 во времетраење од 12 месеци, Банкарски услуги за електронска наплата – Објавен оглас, Идентификација на безбедносни слабости на системите на МДТ– Објавен оглас, Работи за изведба на системи за непрекинато напојување – Објавен оглас.

Во декември 2025 година, Собранието ги донесе измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен Весник„ бр.247/2025 од 18.12.2025 год.) Измените се во насока на допрецизирање на членот 42 од законот, со што се предвидува можност Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да ја поништи донесената одлука за одобрување на промена во сопственичката структура, доколку радиодифузерот не ја реализира промената во Централниот регистар во рок од 90 дена од денот на донесувањето на одлуката.

Согласно годишниот план за работа за 2025 година Програма 1: информатичко општество и аудиовизуелни политики, Точка 3 : Соработка и воспоставување заеднички стандарди за сајбер- безбедност како и согласно Стратегијата за сајбер безбедност (2025-2028) со Акциски план (2025-2027) на Република Северна Македонија во текот на 2025 година се реализираа следниве активности :

1. Воспоставување Владин CSIRT (MKD-GOV-CSIRT);
2. Набавка на хардверска и софрверска опрема за работа на MKD-GOV-CSIRT;


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија
Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

3. Во подготовка се подзаконски акти согласно Законот за безбедност на мрежни и информациски системи;
4. Дефинирани се минимум сајбер безбедносни стандарди за владините институции;
5. Изготвен е план за заштита на деца на интернет како и формиран и оперативен е Национален центар за побезбеден интернет MKSafeNet;
6. Во тек е имплементација на ИСО 27001 сертификат за безбедност на мрежни и информациски системи во МДТ;

Дополнително отпочнати се активности за подготовка за приклучување на Министерството за дигитална трансформација и Владиниот CSIRT (MKD-FOV-CSIRT) во меѓународни организации за размена на информации за сајбер безбедносни инциденти. Овие активности не беа планирани во годишниот план за работа за 2025, а притоа се од големо значење и во иднина ќе имаат огромен придонес во справување со сајбер безбедносни инциденти.
Една од тие организации е и FIRST која е водечка организација и признат глобален лидер во реагирањето на инциденти. Членството во FIRST ни овозможува тимовите за реагирање на инциденти поефикасно да реагираат на безбедносни инциденти - реактивно, како и проактивно. FIRST е организација која ги обединува различните тимови за реагирање на инциденти поврзани со компјутерската безбедност од владини, комерцијални и образовни организации. FIRST има за цел да поттикне соработка и координација во спречувањето на инциденти, да стимулира брза реакција на инциденти и да промовира споделување информации меѓу членовите и заедницата во целина.

## 3. Осврт на околности и ризици кои настанале во текот на годината

Во текот на 2025 година Министерството за дигитална трансформација се посвети на реализација на сите активности од програмата и потпрограмите предвидени во Годишниот план за 2025 година, Иницијативите од

Годишната програма за работа на ВРСМ за 2025 година, јавните набавки за 2025 година и Годишниот план за вработување за 2025 година. Реализацијата на дел од активностите е директно поврзана со реализација на јавна набавка. Дел од јавните набавки не се реализира и се поништија, затоа и некои активности останаа нереализирани.

Со почит,

Министер за дигитална трансформација
Стефан Андоновски



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk